**УЖ-2.бр.210/2021**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Билјана Тодоровска – судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителите СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани и СОУ „ГОШО ВИКЕНТИЕВ“ Кочани, преку пономошник Благој Јованов - адвокат од Кочани, против Решението на Управниот суд У-6.бр.1225/2020 од 26.08.2020 година, по основ јавни набавки, на седницата одржана на ден 03.11.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

I

Жалбата на тужителите СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани и СОУ „ГОШО ВИКЕНТИЕВ“ Кочани Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-6.бр.1225/2020 од 26.08.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

II

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-6.бр.1225/2020 од 26.08.2020 година, ја отфрлил како недозволена, тужбата на тужителите СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани и СОУ „ГОШО ВИКЕНТИЕВ“ Кочани, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-956/12 од 10.06.2020 година.

Незадоволни од решението на Управниот суд жалба изјавија тужителите преку полномошник, поради сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, побиваното решение се укине и предметот се врати на повторно постапување, како и да им се врати надомест на тужителите за трошоците во постапката.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и испитувајќи го побиваното решение во смисла на член 79 став 1, а во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите по предметот со оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-956/12 од 10.06.2020 година, жалбата на жалителот „АВТО АТОМ“ ДОО Кочани изјавена против тендерската документација по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.07391/2020 за набавка на услуги – Групна јавна набавка за превоз на ученици до и од училиште во учебна 2020/2021 за средните и основни училишта во Општина Кочани на договорниот орган СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани се усвојува. Во став 2 од оспореното решение се поништува постапката по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.07391/2020 за набавка на услуги – Групна јавна набавка за превоз на ученици до и од училиште во учебна 2020/2021 за средните и основни училишта во Општина Кочани на договорниот орган СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани.

Против наведеното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-956/12 од 10.06.2020 година, тужителите СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани и СОУ „ГОШО ВИКЕНТИЕВ“ Кочани, поднеле тужба до Управниот суд кој со Решение У-6.бр.1225/2020 од 26.08.2020 година, истата ја отфрлил како недозволена. Во образложението на решението Управниот суд навел дека во конкретниот случај тужителите како првостепен орган кои решавале по предметниот објавен Оглас јавна набавка со отворена постапка бр.07391/2020 за набавка на услуги, не може истовремено да имаат и положба на странка, односно да бидат тужители во управниот спор.

Вишиот управен суд најде дека побиваното решение на Управниот суд е правилно и законито.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), Тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

Согласно членот 30 став 1 точка 3 од истиот Закон, По приемот на тужбата, судот испитува дали тужбата е дозволена, дали е поднесена од овластено лице и дали е благовремена.

Согласно член 138 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19) Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка. (2) Правна заштита може да бара и Бирото за јавни набавки и државниот правобранител на Република Македонија, кога ги штитат интересите на државата или јавниот интерес. (3) Субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член (во натамошниот текст: жалител) имаат право да изјават жалба.

Имајќи ја предвид содржината на цитираните законски одредби и статусот на тужителите, во конкретниот случај право да поведе управен спор има само странка за чии права, интереси или обврски се одлучувало во управната постапка. Сега тужителите СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“ Кочани и СОУ „ГОШО ВИКЕНТИЕВ“ Кочани, како договорни органи во смисла на одредбите од наведениот Закон за јавни набавки, а во врска со цитираните одредби од Законот за управните спорови, вршат јавни овластувања кои во конкретниот случај постапувале како првостепен орган по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.07391/2020 за набавка на услуги. Со оглед дека со тужбата, тужителите оспоруваат акт донесен од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки со кој се уважува жалбата на жалителот „АВТО АТОМ“ ДОО Кочани и се поништува постапката по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.07391/2020 за набавка на услуги, произлегува дека тужителите не биле странка во управната постапка, туку биле орган кој ја водел првостепената постапка и одлучувал и постапувал како првостепен орган односно договорен орган. Имајќи го предвид наведеното, тужителите како првостепен орган кои решавале по предметниот објавен Оглас јавна набавка со отворена постапка бр.07391/2020 за набавка на услуги, не може истовремено да имаат и положба на странка, односно да бидат тужители во управниот спор. Па оттука, правилно одлучил Управниот суд дека во овој случај тужителите немаат активна легитимација за водење на управен спор, поради што согласно членот 30 став 1 од Законот за управните спорови, со решение тужбата ја отфрлил како недозволена.

Поради наведеното, Вишиот управен суд оцени дека жалбените наводи по сите основи се неосновани и без влијание за донесување поинаква одлука во конкретниот управно судски спор.

При донесување на одлуката за трошоците во постапката судот го имаше во предвид членот 86 став 3 од Законот за управните спорови каде е предвидено доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Имајќи го предвид наведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението, согласно член 71 став 3 вв со член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 03.11.2021 година под УЖ-2.бр.210/2021.

Записничар - судски соработник
Билјана Тодоровска

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова

/ИК

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник